Врз основа на Законот за водите (Службен весник на РМ бр.87/08),и измени и дополнувања на истиот (Службен. весник на РМ бр. 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011), Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр.17/2011),и измени и дополнувања на истиот (Службен весник на РМ бр.53/2011) Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост ("Службен весник на РМ" бр. 93/11 и измени 65/12, 75/12, 98/12, 133/12 и 155/13) како и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка, Советот на Општина Крива Паланка, на седницата, одржана на 14.11.2014 год. донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна мрежа во Општината Крива Паланка за 2015 година**

Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна мрежа во Општината, се изготвува од 2006 год. од причини што претходно Општината не располагаше со доволен обем на сопствени финансиски средства со кои би ја градела локалната водоводна мрежа, додека финансиските средства кои би се обезбедиле преку трансфери од државни институции (министерства, фондови, агенции и сл.) или меѓународни програми и фондови не можеле со сигурност да бидат предвидени .

Ваквата состојба допринела да локалната водоводна мрежа дотогаш биде градена на следниот начин:

- Преку повремено обезбедување на финансиски средства од реални нивоа на државната власт, министерства и фондови потпомогнати со учество на локалното население (самите корисници), а Општината главно учествувала во комплетирање на техничката документација и добивање на неопходните одобренија и согласности;
- Преку повремено обезбедување на финансиски средства од разни меѓународни фондови и програми, странски и домашни донации, средства на локалното население, како и крајни корисници, каде Општината учествувала со извесни средства и ја обезбедувала потребната техничка документација и добивање на неопходните одобренија и согласности;
- Помали водоводи во селата кои служат за водоснабдување на одредени маали, а кои се градени целосно од самите жители, без соодветна техничка документација, но кои се уште во функција и се единствен извор за водоснабдување на месното население.

Досега на овие начини се изградени поголем број на водоводни системи во Општината и во населените места во Општината, со што делумно е решен проблемот со водоснабдувањето на градот и на населените места во Општината.

Водоводите изградени со претежно учество на месното население или преку донации обезбедени по различни основи сепак не го решаваат крајниот проблем со водоснабдувањето во населените места, бидејќи дел од водоводите не се целосно завршени, не е обезбедена контрола на потрошувачката и квалитетот на водата, не се поставени водомери, а особено не се ставени во рамноправна положба сите корисници, бидејќи тие што се на пониски нивоа имаат премногу вода, а оние кои се на повисоки нивоа воопшто немаат вода. Дел од вака изградените водоводи, иако и Општината и ЈП „Комуналец" имаат вложено значителни финансиски средства, се уште ги одржуваат месните заедници и локалното население, т.е. самите корисници.

Месните заедници не може да изнајдат средства за одржување на квалитетот на водата, како и за тековно одржување на водоводите, па истите иако се изградени во поново време се оставени на забот на времето, пропаѓаат многу бргу и под голем знак прашалник е и квалитетот на водата за пиење.

Според законската регулатива предвидена во Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (Сл.весник 68/2004), како и Законот за водите (Сл. весник 87/2008) и измените во истиот, предвидено е со водоснабдителните системи да управува и да ги одржува јавно претпријатие.

Јавното претпријатие е должно редовно да го контролира квалитетот на водата, да испорачува квалитетна вода и да ги одржува водоводните системи во исправна состојба.

Ваквите активности во врска со водоводните системи беа предвидени и во помал дел беа реализирани и со Програмите за поранешните години.

Преземањето на сите поголеми селски водоводни системи од страна на Општината и нивно преодтстапување на стопанисување и одржување на ЈП „Комуналец" треба да биде приоритет и да се интензивира и усогласи со законот што во крајна линија е за доброто на самото месно население, т.е самите корисници.

Само на таков начин водоводите можат да се спасат од нивно руинирање и пропаѓање, да се има контрола на потрошувачката на вода со што ќе се задоволат потребите на сите корисници и само на тој начин ќе имаме контролирана исправна и здрава вода за пиење.

Водата е природно богатство кое мора да се цени и чува, особено во услови кога светот се повеќе и повеќе се соочува со недостиг со здрава и квалитетна вода за пиење.

Во изминативе неколку години се прават напори за изнаоѓање на финансиски средства за поцелосно решавање на проблемот со водоснабдување на градот и приградските населби, односно високите зони во градот, каде поради тесните грла во самата мрежа во критичните периоди се јавува недостиг од вода.

Со порано изградената мрежа и резервоари и доизградба на дел од мрежата кон нас.Лозаново може да се каже дека проблемот со водоснабдување на Висока зона-десен брег е во добра мера надминат.

Останува приоритет водоснабдувањето на Висока зона-лев брег за кој досега поради обемот на работите и значителните финансиски средства Општината не

можеше самостојно да го реши проблемот. Поради ова главно се работеше на обезбедување на потребната техничка документација и определување на најсоодветно решение за решавање на водоснабдувањето на левата страна од градот и приградските населби во повисоките зони. Треба да се има во предвид дека се работи за изградба на нова примарна и секундарна мрежа во вкупна должина од околу 6 км, резервоари и др.потребни елементи кои и од градежен и од финансиски аспект претставуваат крупен и значаен проект за Општината.

Преку реализацијата на проектот на Владата на РМ и ЕБОР „Водоснабдување и одведување на отпадни води" кој е долгорочен и треба да заврши во 2016 год. се очекува да бидат разрешени и надминати најголем дел од проблемите во водоснабдувањето и во Општина Крива Паланка. Предвидени се значителни финансиски средства кои треба да ги добиеме врз основа на квалитетно изработени апликации и комплетна техничка документација за проектите што сакаме да ги реализираме. За Општина Крива Паланка се предвидени средства во износ од 1.260.209,оо евра (77.250.811.оо ден) како грант и треба да бидат искористени во целост до 2016 год., од кои за наредната година очекуваме да бидат одобрени спрема поднесените апликации и подготвената документација средства во износ од 54.889.622 ден.

Еден од предвидените проекти е веќе реализиран, а тоа е проектот:

- Дополнителни работи на зафат и довод на вода на водоснабдителен систем Станачка река и доопремување на филтер станица за вода за пиење со поврзување на постоечки водоводен систем,

-Проектот -Доизградба на водоснабдителен систем на висока зона на десен брег на Крива Река е реализиран од страна на ЈП Комуналец, а предвидените средства за истиот ќе се искористат за друг проект.

Согласно со донесените одлуки на Советот на општината за приоритетните проекти за реализација со овие средства, се планира во текот на 2015 да отпочнат и делумно или целосно да се завршат следниве проекти:

**-Изградба на водоснабдителен систем за висока зона на лев брег на Крива Река –основна и секундарна мрежа со изградба на крак за водоснабдување на населба Маневци и населба м.в. Змаевац с.Дурачка Река;** Подготвена е целокупната техничка документација и направени се дополнителни измени и прилагодувања во основните проекти , со цел трасата максимално да оди по државно земјиште за да има што помалку проблеми во решавање на имотно –правните односи. Со измените во Законот за градење за делот од секундарната мрежа кој е надвор од урбанизираната зона на градот се изработува проект за линиска инфраструктура, по што ќе следи дефинитивно предавање на дополнителната потребна документација за одобрување на проектот.

**- Изградба на водовод за питка вода за маалите Просарци, Камењарци и Мачорци во с. Луке.** Подготвена е целокупната техничка документација, освен проектот за линиска инфраструктура кој е во тек на изработка, а решени се и имотно правните односи.

**-Реконструкција и замена и на дел на водоводниот систем во Крива Паланка изграден од азбестно цементни цевки.** Подготвена е целокупната техничка документација, обезбедена е електронска заверка на проектите, и се очекува до крајот на оваа година апликацијата да биде предадена до институциите на МТВ и ЕБОР за одобрување.

За погоре наведените проекти веќе подолго време се вршат постојани консултации во Министерството за транспорт и врски и има начелна согласност за оправданост на истите, па се очекува и одобрување и нивна реализација во текот на 2015 год. Сепак тоа ќе зависи и од динамиката на одобрување на средствата од страна на ЕБОР.

**Со средства обезбедени од други извори предвидени се и следниве активности**:

-Доизградба и санација на водоводот во с. Варовиште и доведување на истиот до потполна исправност, поставување на водомери и негово преотстапување на стопанисување и одржување од страна на ЈП „Комуналец".

-Доизградба и санација на веќе изградените водоводи во с. Конопница од захватите на Селска река и водоводот Балабаница - Вирови – Грамаѓе, доведување на истите во потполна исправност , поставување на водомери и нивно преотстапување на стопанисување и одржување од страна на ЈП„Комуналец". Напомена: Делот од водоводот кон маала Деловотци е веќе преземен на стопанисување и управување од страна на ЈП Комуналец.

-Поврзување на главна водоводна мрежа со постоечки селски водоводи во с. Конопница

-Поврзување на високата зона од нас. Домачки Дол со резервоар и мрежа во населба Баглак 3.

-Евидентирање и на други порано изградени локални водоводни системи во Општина Крива Паланка преку кои се снабдуваaат со вода за пиење делови од населените места и нивно преземање и предавање на ЈП „Комуналец" – Крива Паланка на понатамошно стопанисување и одржување.

-Планирани се и значителни средства за проектирање и обезбедување на друга техничка документација за изградба и реконструкција на водоснабдителни системи.

**П Р И Х О Д И:**

| | |
|---|---|
| **1.Влада на РМ Проект „Водоснабдување и одведување на отпадни води"** | **46.698.368 ден.** |
| **2. Учество на ЈП „Комуналец"** | **2.000.000 ден.** |
| **3. Сопствено учество на Општината** | **1.100.000 ден.** |

**ВКУПНО. 49.798.368 ден.**

**Р А С Х О Д И:**

| | |
|---|---|
| **1. Изградба на водоснабдителен систем за висока зона на лев брег на Крива Река –основна и секундарна мрежа со изградба на крак за водоснабдување на населба Маневци и населба м.в. Змаевац с.Дурачка Река;** | **35.083.911.оо** |
| **2. Замена на азбестно водоводната мрежа со полиетиленски водоводни цевки** | **9.000.000,оо** |
| **3. Изградба на водовод во с. Луке-м. Просарци, Каме-њарци и Мачорци** | **2.614.457,оо** |
| **4. Изработка на техничка документација за водоводи** | **500.000,оо** |
| **5. Доизградба и санација на постојни водоводи кои ќе бидат превземени од Општината, односно ЈП Комуналец** | **2.000.000,оо** |
| **6. Експропријација** | **600.000,оо** |

**ВКУПНО 49.798.368,оо**

**Бр.**
**14.11.2014 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Борче Стојчевски**